*Бесплатен примерок*

# ОПШТИНА АЕРОДРОМ

| Број 72 | Година XI | септември - октомври 2016 г. | *Весник на Општина Аеродром*



## ПУШТЕН ВО УПОТРЕБА НАЈГОЛЕМИОТ ПАРК ВО ОПШТИНА АЕРОДРОМ

стр. 4-5

## БЕСПЛАТНА УЧИЛИШНА ОБЛЕКА ЗА СИТЕ УЧЕНИЦИ ВО АЕРОДРОМ

стр. 6-7

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009



ГРАДИНКАТА ГОТОВА НА ПОЧЕТОКОТ НА СЕПТЕМВРИ ... 3

АКТИВНОСТИ ............................................................ 4 - 15

ЅИД НА КРЕАТИВНИ ФОТОГРАФИИ ..................... 16 - 17

ОБРАЗОВАНИЕ ......................................................... 18 - 19

ТЕАТАР ..................................................................... 20

ЗАБАВА ..................................................................... 21

ЗДРАВЈЕ ................................................................... 22 - 23

СТИЛ ......................................................................... 24 - 25

ЖИВОТ ...................................................................... 26 - 27

СПОРТ ....................................................................... 28 - 29

ПИСМА ...................................................................... 30

ИНФО ....................................................................... 31

**ПРИЕМНИ ДЕНОВИ:**

- **Одделение за даноци, такси и други приходи и Данок на имот** – секој работен ден од 08:30 до 11:30 часот
- **Одделение за урбанизам** – понеделник и вторник од 09:00 до 11:00 часот
- **Комунално одделение** – понеделник од 15:30 до 16:30 часот, четврток и петок од 08:30 до 09:30 часот

Првиот број на весникот „Аеродром“ излезе во јуни 2006 година
Весникот излегува како двомесечник

**Редакција**
м-р Маја МАНЧЕВСКА
м-р Билјана КОЧОСКА-ТОДОРОВСКА

**Уредува**
Одделение за односи со јавност и развој и поддршка на интегралниот информациски систем

**Лектор**
м-р Билјана КОЧОСКА-ТОДОРОВСКА

**Фоторепортери**
Александар ЃОРЃИЕВ
Горан ТРАЈКОВСКИ

**Дизајн**
Даниела Чабуковска

**Издава**
Општина Аеродром

**Градоначалник**
Ивица Коневски

**Печати**
Графички центар-Скопје

тираж 30.000 примероци

телефон: 2401 516
факс: 2401 546

e-mail: vesnik@aerodrom.gov.mk
www.aerodrom.gov.mk

**Адреса:**
Јане Сандански 109 Б,
1000 Скопје

## Изградба на нова детска градинка во Горно Лисиче

# ГРАДИНКАТА ГОТОВА НА ПОЧЕТОКОТ НА СЕПТЕМВРИ

На 22.7.2016 година градоначалникот на Општина Аеродром, Ивица Коневски заедно со министерот за труд и социјална политика, Диме Спасов, изврши увид во градежните работи во изградбата на нова детска градинка во Горно Лисиче.

Се очекува новата градинка да биде подготвена да прими дечиња на почетокот на учебната година.



Новата детска градинка има капацитет до 100 дечиња и ги исполнува сите неопходни стандарди за ваков тип институции, овозможувајќи современи услови за згрижување и престој на деца од претшколска возраст.



Објектот содржи две големи занимални, простор за прием, кујна, санитарни јазли и административен простор. Детската градинка е опремена со креветчиња, масички, столчиња, плакари, нагледни средства и играчки.

Новиот објект, кој е енергетски ефикасен со еколошки прифатливи материјали за изградба, се изгради во соработка со Министерството за труд и социјална политика, кое учествуваше со половина од неопходните финансиски средства во висина од 13 милиони денари.

Исто така, во текот на оваа година се гради уште еден нов објект на градинката „Срничка“ со капацитет за прифаќање 200 дечиња, кој се очекува исто така да биде готов на почетокот на септември. Во 2017 година, пак, во рамки на градинката „Буба Мара“ ќе биде изграден уште еден нов објект со капацитет за, исто така, 200 деца.





# ПУШТЕН ВО УПОТРЕБА НАЈГОЛЕМИОТ ПАРК ВО ОПШТИНА АЕРОДРОМ

Градоначалниците на Град Скопје и на Општина Аеродром, Коце Трајановски и Ивица Коневски на 28.7.2016 година свечено пуштија во употреба нов парк покрај реката Вардар.



Станува збор за најголемиот парк во Општина Аеродром на површина од 100.000 квадратни метри. Покрај огромната површина парковско зеленило и садници, новиот парк содржи трим патеки, чешми за пиење вода, клупи, канти за отпадоци, летниковци, жардиниери, повеќенаменско спортско игралиште, две детски игралишта, хидрантска мрежа, како и осветлување со над 150 канделабри. Есенва се очекува во паркот да се насадат и околу 600 дрвца.

„Со хортикултурното и партерното уредување на овој простор создадовме уште едно пријатно катче за престој во Општина Аеродром, во кое, убеден сум, сите генерации ќе си најдат свој простор“, рече градоначалникот Коневски.

На тој начин, додаде тој, локалитетот на којшто е изграден паркот од запуштен простор и лоша слика за општината, се претвори во зелен и модерен појас, каков што естетски му прилега на едно урбано крајбрежје покрај реката Вардар.

Градоначалникот Трајановски, пак рече дека со изградбата на овој парк ќе се придонесе во подобрувањето на животната средина во Општина Аеродром.

Вкупната вредност на паркот изнесува над 50 милиони денари.

Инаку, Општина Аеродром за подобрување на квалитетот на животната средина, во изминативе неколку години изгради 10 големи зелени паркови со вкупна површина од околу 200.000 квадратни метри нова зелена површина, што претставува половина од новото зеленило во Градот Скопје.



АКТИВНОСТИ

Се намалуваат социјалните разлики во училиштата

# БЕСПЛАТНА УЧИЛИШНА ОБЛЕКА ЗА СИТЕ УЧЕНИЦИ ВО АЕРОДРОМ



Нова училишна облека во Општина Аеродром

Општина Аеродром набави училишна облека за учениците од основните училишта на нејзината територија и за оваа 2016/2017 учебна година, трета година по ред.

Целта на овој проект, кој наиде на одобрување и прифаќање не само кај учениците, туку и кај родителите, е сите ученици да бидат облечени во иста облека и да се навикнат на соодветен кодекс на облекување. На тој начин основните училишта од Општина Аеродром ги достигнуваат стандардите на училиштата од европските метрополи.

Секој комплет училишна облека состои од сиви панталони, бела блуза со кратки и со долги ракави и тегет елеци со амблем, на кој е извезено логото на Општина Аеродром и името на училиштето.

Девојчињата имаат можност да одберат здолниште или панталони. Трошоците од околу 8 милиони денари за околу 6.500 училишни комплети, колку што се набавени, како и претходните години, ќе ги покрие Општина Аеродром од својот Буџет.

Искуството покажа дека со воведувањето на училишната облека се намалуваат социјалните разлики што ги има во секое општество и се постигнува чувство на еднаквост меѓу децата, без поделби и разлики меѓу нив во начинот на облекување.



Од друга страна, на родителите им се намалуваат трошоците за купување облека за децата, која некои родители не можат да си ја дозволат.

# АСФАЛТИРАНА УЛИЦАТА „ГАВРИЛ КОНСТАНТИНОВИЌ“

Летово заврши асфалтирањето на улицата „Гаврил Константиновиќ“ во населбата Лисиче.

Имено, улицата „Гаврил Константиновиќ“ е асфалтирана во должина од 155 метри и со широчина од 6 метри. Исто така, покрај улицата беа изградени и тротоари со широчина од 1,7 метри.

Со реконструкцијата на оваа улица се очекува значително да се подобрат условите за живот, но и безбедноста во населбата.





## СЕ АСФАЛТИРА УЛИЦАТА „ЃОРЃИ КАПЧЕВ“

Општина Аеродром летово ја асфалтира улицата „Ѓорѓи Капчев“ во Горно Лисиче, откако беше целосно реконструирана водоводната мрежа. Имено, улицата „Ѓорѓи Капчев“ се реконструираше на потегот од улицата Горно Лисиче, па сè до црквата „Свети Ѓорѓија“ во должина од еден и пол километар со широчина од 6 метри на површина од 9.000 квадратни метри. Исто така, покрај улицата се изгради и тротоар со широчина од еден метар.

Со реконструкцијата на оваа улица се очекува значително да се подобрат условите за живот, но и безбедноста во Горно Лисиче.

# ЦЕЛОСНО РЕКОНСТРУИРАНИ И ПРОШИРЕНИ ДВЕ УЛИЦИ ВО МИЧУРИН



Анастас Митрев

Градоначалникот на Општина Аеродром, Ивица Коневски, заедно со градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски на 1.8.2016 година официјално пуштија во употреба две целосно реконструирани и проширени улици во најстарата населба во Општина Аеродром, Мичурин.

Станува збор за проект, кој опфати изградба, поточно реконструкција на улиците „Анастас Митрев“ и „Венијамин Мачуковски“, кои беа во лоша состојба. Вкупната должина на едната улица е 160 метри, а на другата 110, додека широчината изнесува по 6 метри на двете улици.

Покрај двете улици се изградија и тротоари со широчина од по 1,5 метар од двете страни на улицата. За овој проект Општина Аеродром издвои околу 3 милиони денари од својот Буџет.

Со изградбата на новата улица во оваа населба, Општина Аеродром продолжува со предвидената динамика да ја подобрува состојбата на постојните улици, како и изградба на нови улици на нејзина територија.



Венијамин Мачуковски

АКТИВНОСТИ

# АЕРОДРОМ ДОНИРА 3 МИЛИОНИ ДЕНАРИ ЗА ПОПЛАВЕНИТЕ ВО ГАЗИ БАБА



На вонредната седница на Советот на Општина Аеродром што се одржа на 7.8.2016 година беше донесена одлука за донирање финансиска помош за санирање на последиците од елементарната незгода на подрачјето на Општина Гази Баба во висина од 3 милиони денари.

Ова беа само дел од активностите на Општина Аеродром по катастрофалното невреме што го зафати Скопје, при што имаше причинета материјална штета и на нејзината територија.

Имено, екипа на Општина Аеродром, предводена од градоначалникот Ивица Коневски, веднаш излезе на терен на поплавените подрачја. Притоа, беше формирана комисија за утврдување на штетите настанати од поплавата на територијата на Општина Аеродром.

Исто така, екипи на Општина Аеродром изградија насип со вреќи со песок покрај Усјанскиот канал, кој се излеа во текот на невремето и поплави неколку околни куќи.



За санација на свлечиштето што се појави покрај булеварот „Трета македонска бригада“, пак, беа ставени сите расположливи средства и беше издадено решение до изведувачот да ги санира последиците, а екипи на ЈП „Водовод и канализација“ работеа на терен за отстранување на дефектот, така што двете згради што останаа без вода набрзо беа повторно снабдени.

Општина Аеродром, исто така, ги отвори и основните училишта на нејзина територија за собирање хуманитарна помош за настраданите од поплавените подрачја.






## ДЕЗИНФЕКЦИЈА ВО ПОПЛАВЕНИТЕ ПОДРАЧЈА

Од 11.8.2016 година во поплавените подрачја во Општина Аеродром почна процес на дезинфекција на исчистените домови, кои беа зафатени од катастрофалната поплава. Во соработка со Институтот за јавно здравје, екипите за дезинфекција почнаа од поплавените куќи во Горно Лисиче, а потоа и во населбата Лисиче, како и на други локации каде беа отстранети калта, водата и оштетената покуќнина.



# ДВА ДЕНА АКЦИЈА ЗА СОБИРАЊЕ КАБАСТ ОТПАД



Општина Аеродром во соработка со Град Скопје, поточно со јавното претпријатие „Комунална хигиена“, на 22-ри и 23-ти јули организираше акција за собирање кабаст отпад, односно делови од мебел, бела техника, електронски апарати...

Акцијата се одвиваше првиот ден во Ново Лисиче, Реонски центар „Аеродром“, населбата Лисиче и Горно Лисиче, а вториот во населбите Мичурин, Стар Аеродром, Острово, 13 Ноември и Јане Сандански.

Граѓаните кабастиот отпад имаа можност да го одложат пред своите домови, односно куќа, или зграда, од каде возилата на ЈП „Комунална хигиена“ го собираа во специјални камиони.

# СОВЕТИ ЗА ЗАШТИТА ОД КРАЖБИ ВО ЛЕТНИОТ ПЕРИОД



Во текот на летниот период на целата територија на Општина Аеродром, Одделението за превенција од СВР - Скопје за граѓаните одржуваа советување за заштита од кражби во домот во летниот период, како и заштита од џебни кражби и кражби во автомобил.

На советувањата се дискутираше за превентивните мерки што треба да се преземат за заштита на домовите од кражби и беа поделени летоци со конкретни совети, кои потоа беа залепени на влезовите во зградите.



# ПРОЕКТИ ЗА НОВИ ФАСАДИ НА 18 ЗГРАДИ



Општина Аеродром склучи договор за изработка на проекти за реконструкција на фасади на 18 најоштетени станбени објекти на нејзината територија во вредност од околу 2,8 милиони денари.

Во согласност со договорот, предвидено е да се обноват 4 згради во Мичурин, една во Стар Аеродром, 3 во Ново Лисиче и по 5 во населбите Јане Сандански и Острово. Новите фасади ќе бидат енергетски ефикасни и ќе го задржат автентичниот изглед на зградите.

Се очекува проектите да бидат изработени до крајот на годинава, а првата фаза од нивната реализација се очекува во 2017 година. Колку точно згради ќе добијат нови фасади во првата фаза ќе се знае кога ќе се изработи буџетот за наредната година.

Зградите на кои ќе им се менуваат фасадите, всушност, беа избрани меѓу десетиците, на кои им е неопходна обнова на фасадите, од страна на стручни екипи, кои претходно извршија анализа на терен.

Трет меѓународен фестивал на комедијата „Гола месечина“

# СМЕАТА ГО ВРТИ СВЕТОТ




Нешто пропуштаме


Жорж данден


Балкански шпион во Сараево


Македонска приказна


Автобус

Третото издание на „Гола месечина“ оваа година се одржа од 20.6.2016 година до 29.6.2016 година на отворена сцена поставена во спортскиот центар „Ново Лисиче“. Фестивалот, на кој беа прикажани 8 домашни и странски претстави, се одржа во организација на Театар Комедија со финансиска поддршка на Општина Аеродром и Министерството за култура.

Според одлуката на жирито, наградите годинава ги освоија **Павле Пекиќ**, за најдобра машка улога за ликот на Елинг во претставата „Елинг“, во продукција на Белградско драмско позориште, **Ејла Бајовиќ** за најдобра женска улога за ликот на Даница Чворовиќ во претставата „Балкански шпион во Сараево“ во продукција на Народното позориште во Сараево, БиХ, покојниот **Сулејман Купусовиќ** за најдобра режија за „Балкански шпион во Сараево", во продукција на Народното позориште во Сараево, БиХ и **„Автобус“**, која освои гран-при награда за најдобра претстава во продукција на Сатиричниот театар „Алеко Константинов“ од Софија, Бугарија.


Елинг



„Задоволство е да си гледач на претстава на „Гола месечина“. Секоја вечер се собираа по 1.500-2.000 луѓе, со кои сите заедно (со оглед на тоа дека влезот беше слободен) докажавме дека парите не го вртат светот, туку дека смеата го врти светот, рече претседателката на жири-комисијата, Лилјана Мазова.




Парламентарки


Хамлет од Горно Дупени



# СИД НА КРЕАТИВНИ ФОТОГРАФИИ

Драги читатели, Општина Аеродром од неодамна Ви нуди можност на овие страници од весникот да го покажете својот креативен дух претворен во Ваши фотографии. Токму овој простор од весникот е посветен на сите тие што сакаат и умеат да фотографираат или, пак, поседуваат прекрасни фотографии. Прифатливи се фотографиите со кои ќе ја претставите Општина Аеродром, природа, пејзажи, фотографии од Вас сликани во неа, од Вашите најслатки, најоткачени и најсреќни деца, миленичиња, оние кои Ви ја смеат душата, едноставно, сè што мислите дека е интересно и заслужува место во овој весник.

Старите фотографии од Општина Аеродром ќе бидат објавени со посебно задоволство! Фотографиите можете да ги испраќате на електронската адреса на весникот:

vesnik@aerodrom.gov.mk

**ЗАДОЛЖИТЕЛНО!**

**ПОКРАЈ ФОТОГРАФИЈАТА, ТРЕБА ДА СЕ НАВЕДЕ НАСЛОВОТ, ЛОКАЦИЈАТА И ИМЕТО НА АВТОРОТ.**



Буба Мара - Борјан



Крстот во Аеродром - Владо Куфалов



Невреме - Стефи Ј.



Затечена мачка кај трите кули - Игор Пејиќ



Оганче - Марко Алексов



Цвеќе во црквата Св Петар и Павле - Теодора Дамческа



Попладневно опуштање - Моника Станоеска



Грмотевица - Ангела Тасевска

Отворен центар за сензорна терапија

# НОВИ МОЖНОСТИ И ПЕРСПЕКТИВИ ЗА ДЕЦАТА СО АУТИЗАМ



Летово во Општина Аеродром беше отворен првиот Центар за сензорна терапија „Во мојот свет“ за лицата со аутистичен спектар на нарушувања, кој отвора нови можности и перспективи за децата со аутизам и нивните родители.

Центарот се наоѓа на улица „Методија Шаторов – Шарло“ (поранешна „Руди Чајавец“) бр. 6, поточно кај старите воени кули.

Центарот беше отворен под покровителство на Општина Аеродром, сопругата на претседателот на Република Македонија, Маја Иванова и Бугарската амбасада во Скопје, а ќе го води Здружението на граѓани за третман на лицата со Аутизам, АДХД и Аспергеров синдром „Во мојот свет“.

Целта за отворање на ваков Центар е да се обезбедат што посовремени и подобри третмани и терапии за децата со аутизам во Македонија, а исто така, сите треба колку што можеме да помогнеме на ранливите, различните, а сепак еднакви категории граѓани во нашето општество, велат од Здружението.

Во ООУ „Лазо Ангеловски“

# СИМОН ТРПЧЕВСКИ ГОСТИН НА МУЗИЧКИ КОНЦЕРТ

Во ООУ „Лазо Ангеловски“ неодамна се одржа музички концерт, на кој присуствуваше и славниот пијанист Симон Трпчевски, во организација на училиштето и Здружението „Паркот на музиката“.

На концертот на пијано настапија: Александра Ата, Софија Лалчевска и Инес Неделковска, ученичка во ООУ „Лазо Ангеловски“. Настанот го водеше музикологот Викторија Коларовска Гмирја. Учесниците добија ликовен портрет, а Симон Трпчевски им подари ЦД со негови изведби. Настанот беше вистинско уживање за учениците и вработените.



ОБРАЗОВАНИЕ

# ОПШТИНА АЕРОДРОМ ЌЕ ВРАБОТИ 8 СТРУЧНИ ЛИЦА ЗА ГРИЖА НА ДЕЦА СО ПРЕЧКИ ВО РАЗВОЈОТ

Општина Аеродром објави оглас за вработување 8 стручни лица со професија дефектолог, психолог и педагог, кои ќе бидат ангажирани за помош на деца со инвалидитет.

Станува збор за проектот „Унапредување на воспитно-образовниот процес и секојдневната грижа на децата со пречки во развојот во училиштата во Општина Аеродром“ во организација на Општина Аеродром, Агенцијата за вработување и УНДП.

Целта на овој проект е, од една страна да ја подобри грижата за децата со попреченост за нивна уште поголема инклузија во образовниот процес и непречено одвивање на сите образовни активности во училиштата и градинките на територијата на Општина Аеродром, а од друга страна, да им помогне на активните баратели на работа (дефектолози, педагози, психолози и други професии од сферата на грижа на лица со попреченост) да се стекнат со професионално работно искуство и вештини, за да станат поквалификувани и конкурентни на пазарот на трудот, со крајна цел намалување на невработеноста во општината и во државата.

Лицата што ќе бидат одбрани на конкурсот ќе бидат работно ангажирани со скратено работно време од 20 работни часови неделно за период од 6 месеци.Ангажираните лица ќе бидат задолжени за следење на учениците со пречки во развојот, на кои им е потребна дополнителна стручна помош за успешно адаптирање и ресоцијализација преку најразлични вежби и индивидуална работа.

Инаку, во основните училишта во Општина Аеродром има 74 ученици со попреченост.





„Случајот Хармс“ – Театар Комедија

# ПРЕТСТАВА КОЈА ЌЕ ВЕ НАСМЕЕ, НО И ЗАМИСЛИ

Театар Комедија неодамна премиерно ја изведе претставата „Случајот Хармс“. Тоа е претстава за животот на рускиот авангарден писател Данил Хармс, кој бил прогласен за антисоветски непријател и неговите дела биле забранети сè до неговата рехабилитација во 1956 година. Хармс станува познат во Европа и светот речиси половина век по неговата смрт, земајќи предвид дека Хармс починал млад на 37 годишна возраст.

Ова е претстава која ќе ве насмее, ќе ве замисли, на пати дури и можеби ќе ви натежне, но во секој случај, ова е претстава, која нема да ве остави рамнодушни.

Претставата „Случајот Хармс“ зборува за неговиот живот, кој не е лесна забава, како што ниту хуморот, апсурдот, пародијата, не се лесна забава. Тој во себе носи противречност, потреба да се спротивстави и да коментира, и таа дихотомија е основната карактеристика на Хармсовото творештво, вели драматургот на оваа претстава, Жељка Удовичиќ – Плештина од Хрватска, која минатата година ја доби наградата за најдобра драматургија на Стеријино позорје.

Режијата е на Дино Мустафиќ, кој важи за еден од највлијателните театарски режисери во регионот, а неговиот потпис е оставен на повеќе од 50 претстави во целиот свет. Самиот Мустафиќ ќе го потенцира следното за оваа претстава - таа е неконвенционална за балканските театарски сцени, со атипична драматургија, режисерски и актерски стил. Тоа е сложена претстава која бара голем актерски влог, бидејќи во неа има танцување, пеење, физички театар, акробатика.

Во претставата, покрај Илијоски, кој ја има носечката улога на Хармс, играат и Жаклина Петровска, Валентин Костадиновски – Тино, Ева Скендеровска, Атанас Атанасовски, Жарко Димоски, Мирјана Ристов, Столе Мицов и младиот музичар Лука Ѓоргиевски.














## ВИЦ НА МЕСЕЦОТ

### КОМПЈУТЕР

- Сине, пак седиш пред компјутер цело време?
- Мамо, сум ти кажал дека сум пробал и зад компјутер, ама ништо не се гледа!

ЛЕКОТ ЗА СÈ Е СОЛЕНА ВОДА: ПОТ, СОЛЗИ ИЛИ МОРЕ!
**КАРЕН БЛИКСЕН**

•

КОЈ НЕ Е ЗАДОВОЛЕН СО МАЛКУ, НЕ ЗАСЛУЖУВА ПОВЕЌЕ.
**СЕНЕКА**

•

НАЈМРАЧНИОТ МИГ НАСТАПУВА СПРОТИ САМОТО ИЗГРЕЈСОНЦЕ.
**ПАУЛО КОЕЛЈО**

ЖИВОТОТ ЗАВРШУВА КОГА ЌЕ ПРЕСТАНЕШ ДА СОНУВАШ, НАДЕЖТА ЗАВРШУВА КОГА ЌЕ ПРЕСТАНЕШ ДА ВЕРУВАШ, А ЉУБОВТА ЗАВРШУВА КОГА ЌЕ ПРЕСТАНЕШ ДА СЕ ГРИЖИШ.





Како да се грижиме за денталното здравје на нашето дете?

# СО ПРВИТЕ ЗАПЧИЊА ПОСЕТА НА ЗАБОЛЕКАР!



**д-р Антонио Ристески,**
лекар по
општа стоматологија,
ПЗУ „Д-р Бабамова“






Никнувањето на забите е само дел од процесот на развој и формирање на забите и вилиците. Тоа е процес кој почнува со ембрионалниот развој, уште во стомакот на мајката, а трае до околу 17-25 година од животот, кога би требало да се никнати и третите трајни катници.

Додека е бебето во стомакот на мајката, се формираат забните зачетоци на млечните заби. При породувањето кај детето веќе се формирани сите зачетоци на млечните, а започнува формирањето на зачетоци за трајни заби. На возраст од 6 до 8 месеци, кај детето почнува никнување на млечните заби. Тоа се одвива до околу првата половина на третата година, кога треба да е оформено млечното забало.





Малкумина знаат дека млечните заби претставуваат главен извор на матични клетки. Со оглед на тоа дека млечните заби се задржуваат до 12-13 година, грижата за млечното забало е од големо значење.

Со тоа се наметнува прашањето како да се грижиме за забите на нашето дете?

Грижата за забите на новороденчето почнува уште пред неговото раѓање, со правилната исхрана на мајката за време на бременоста. Во тек на бременоста стоматолозите препорачуваат и дополнување на исхраната на мајката со соодветна доза и во соодветна форма флуориди.

По раѓањето грижата ја продолжуваме со правилна исхрана и хигиена на усната празнина на новороденчето. Во исхраната се додаваат и флуориди, по препорака на стоматолог, во форма и доза соодветна на возраста. Иако сè уште не се појавени првите запчиња, потребно е со чиста мека ткаенина, натопена со чиста вода, нежно да ги пребришуваме непцата на бебето.





Со никнувањето на првите запчиња, преминуваме на наредно ниво на хигиена, кога е потребно за прв пат да вклучиме паста и четка за заби. Во овој период е многу важна контролата на внесување шеќери. Секој ден наутро и навечер треба да ги миеме запчињата на бебето. Грижата за хигиената на забите е на родителите сè до моментот на осамостојување на детето за самостојна хигиена на усната празнина, што би било во период од 3 до 5 годишна возраст. Сепак, и понатаму е потребна постојана контрола и мотивација на детето за редовна хигиена на устата и забите.

Освен правилна хигиена и правилна исхрана, потребна е и контрола на развојот на растот и развојот на вилиците и забите на малото дете. Затоа со појавата на првите запчиња потребно е нашето дете да го запознаеме со стоматолог. Првата посета на стоматолог обично се препорачува да се направи во период од никнувањето на првите заби до навршување на првата година. Понатаму вашиот стоматолог индивидуално ќе процени во кој временски интервал се потребни контроли, меѓутоа тоа не би требало да е на подолг период од 6 месеци.

СТИЛ

# ДЕТСКИ БИСЕРИ ШТО ЌЕ ВИ ГО РАЗУБАВАТ ДЕНОТ

Мајка ми има бебе во стомакот, само не знам како го голтнала, многу е големо.

•

На мајките не им се вика, тие се корисни.

•

Полуостров е остров, кој не е докрај направен.

Бабата е дебела, затоа што е полна со љубов.

•

Колку е човек постар, толку неговите заби се поскапи.





Не разбирам зошто мајка ми се лути што ја скршивме вазната. И онака беше стара и кинеска, а не наша.

Кога се роди мојот помал брат, мораа да го стават во акумулатор.

•

Пеперутката е инсект од семејството на хеликоптери.

Кога баба ја болат забите, таа едноставно ги остава во чаша.

•

Еднаш бев толку болна што имав четириесет кила температура.

•

Швајцарските крави се користат за правење чоколадо.

Жителите на Сардинија се викаат сардини.

•

Сите риби носат јајца, а руските носат кавијар.





Зоолошката градина е супер! Таму можеме да ги видиме и животните, кои не постојат.

•

Кај нас мажите можат да се оженат само со една жена. Тоа се вика монотонија.

# 38-МИ ТРАДИЦИОНАЛЕН КОЊИЧКИ МАРШ



Од 27-ми јули до 2-ри август се одржа 38-от традиционален коњички марш што го организира Здружението на граѓани од Горно Лисиче „Илинденски марш 1978“ со поддршка на Општина Аеродром.

Манифестацијата официјално почна во паркот Јане Сандански, од каде 27 коњаници тргнаа кон славното Крушево, со цел да се приклучат на прославата на најголемиот македонски национален празник – Илинден.



Градоначалникот на Општина Аеродром, Ивица Коневски, кој на коњаниците им го предаде општинското знаме, изјави дека Општината ја помага оваа манифестација веќе неколку години и ќе продолжи и натаму да ја негува традицијата, бидејќи Илинденскиот марш е најголемата и најзначајната културна манифестација во Аеродром.

Коњаниците придружувани од фаланга составена од дваесетина членови, игроорци од КУД „Никола Јонков Вапцаров“, со звуците на зурлите и тапаните, упатувајќи се кон црквата „Свети Петар и Павле“ во Горно Лисиче, поминаа низ главните булевари на општината отпоздравувани од голем број граѓани, кои спонтано застанаа да ги испратат коњаниците или да им се придружат во колоната.

Меѓу оние што дојдоа да ги испратат коњаниците беа и највисоки претставници на политичката елита во државата, пратеници, советници и други претставници на локалната самоуправа.







ЖИВОТ

# ЗУМБА НА ШТИЦИТЕ НА „ГОЛА МЕСЕЧИНА“




Општина Аеродром и фитнес клубот „Фит уан“ организираа бесплатен ЗУМБА фитнес час во Спортскиот центар „Ново Лисиче“, на сцената на која се одржуваше Меѓународниот фестивал „Гола месечина“ за време на паузата од претставите.

Целта за овој забавен ЗУМБА час беше не само да се анимираат граѓаните во духот на забава и смеа што го промовира организаторот на фестивалот, Театар комедија, туку и да се означи почетокот на летната сезона на еден интересен, весел и енергичен начин, поразличен од другите часови.



# БЕСПЛАТНИ ЈОГА ЧАСОВИ ВО АЕРОДРОМ

Во текот на летниот период јога клубот „Тара“ одржуваше бесплатни јога часови во природа. Часовите, како и претходните сезони, се одржуваа во парковите на населба Аеродром, по договор со јогините од клубот.

Оваа акција беше наменета за сите, без разлика дали имаат претходно искуство со јогата, а се практикуваа јога-асани, техники за дишење и медитација.

Целта е на граѓаните да им се овозможи здрав и енергичен почеток на денот, преку јога вежби, техники за дишење и медитација.



Во Спортскиот центар „Ново Лисиче“ од 1-ви септември

# ПОЧНУВА ТУРНИРОТ ВО МАЛ ФУДБАЛ „СКОПЈЕ 2016“





На 1-ви септември 2016 година во Спортскиот центар „Ново Лисиче“ почнува традиционалниот турнир во мал фудбал „Скопје 2016“, за кој има сè поголем интерес.

На овој петти по ред турнир се пријавија 50-тина екипи, кои ќе се натпреваруваат за парична награда.

Турнирот го организира Училишниот спортски клуб „Блаже Конески“ со поддршка од Општина Аеродром и Град Скопје, кои обезбедија паричен наградeн фонд за победниците во висина од 300.000,00 денари.

Турнирот во мал фудбал „Александар Стојчев“ по 15-ти пат

# ПОБЕДНИЦИ ФУДБАЛЕРИТЕ НА ФК „СМИЛКОВЦИ“



Во Спортскиот центар „Александар Стојчев“ во населбата „13 Ноември“ во Општина Аеродром летово се одржа традиционалниот турнир во мал фудбал во чест на Александар Стојчев под покровителство на Општина Аеродром и Македонскиот полициски синдикат.

На натпреварот учествуваа екипи на ФК „Ново Лисиче“, фудбалската школа „Професионал“ и ФК „Смилковци“. Во финалето играа екипите на ФК „Смилковци“ и ФК „Ново Лисиче“. Со победа од 2:0 фудбалерите на ФК „Смилковци“ го освоија оводишниот петнаесетти традиционален турнир во мал фудбал „Меморијал Александар Стојчев“.

Втори беа фудбалерите на ФК „Ново Лисиче“, а трети фудбалерите на ФШ „Професионал“.





# МЗТ СКОПЈЕ АЕРОДРОМ ГИ ПОЧНА ПОДГОТОВКИТЕ ЗА НОВАТА СЕЗОНА



Со четворица од досега потпишаните странци, без тројцата македонски репрезентативци и со речиси двоцифрен број таленти, чие време допрва доаѓа, МЗТ Скопје Аеродром кон средината на август ги почна подготовките за новата сезона, во која ќе настапува во Еврокуп, во АБА-лигата и во двете домашни натпреварувања.

Новиот тренер Емил Рајковиќ и неговиот асистент Александар Јончевски на првиот тренинг на располагање ги имаа српските интернационалци Урош Лучиќ и Ѓорѓе Дреновац, Хрватот Јуре Лалиќ и Американецот Џош Скот, како и Лука Петровски, Андреј Цветковски и Михајло Арсоски, кој и сезонава ќе биде позајмен на тимот на АВ Охрид. На паркетот во салата „Јане Сандански“ беа и талентираните Бојан Јовановски, Стефан Донаковски, Леонид Тодоровски, Петар Прентовиќ, Мартин Милески и Дарко Порјазов од младинската школа на клубот, кои добија шанса да научат нешто ново од поискусните, но и да покажат дека заслужиле шанса да работат со првиот состав на МЗТ.

Шарлон Клоф има обврски кон репрезентацијата на Холандија и ќе се приклучи до завршувањето на квалификацискиот циклус за пласман на ЕП 2017, исто како и членовите на селекцијата на Македонија – Марко Симоновски, Љубомир Младеновски и Адем Мекиќ. Доаѓањето на Американецот со македонски пасош, Џеремаја Мејси, се очекува наскоро.



## Отворен фан-шоп



Во чест на 50-годишнината од формирањето на клубот, на простор од околу 200 квадратни метри, во склоп на спортскиот центар „Јане Сандански“ на 16 август официјално беше отворен „Спорт М Аутлет и МЗТ Скопје фан-шоп“, во кој навивачите на петкратниот кошаркарски шампион можат да купат најразновидни производи со логото на омилениот клуб, но и друга квалитетна спортска опрема.

# ЗОШТО БАШ ЈАС!?

**Ова писмо му го напишав на татко ми, кој ме остави кога имав 11 месеци, замина во странство, створи семејство и мене ме заборави:**

**Здраво,**
Јас станав полуматурант, направивме мала прослава, ме испратија на забава, но ти не беше тука. Не беше ни кога завршивме прво одделение, ни второ, ни трето, ни четврто, ни... Не беше ни да ме одведеш на натпревар, ни да играме фудбал, ни тенис, не беше ни на одмор со мене, па да ме научиш да пливам, ни да ми честиташ Нова година со некој подарок што го сакам, што би ме израдувал, па скриен да го отворам, да се радувам, не беше ни кога ми вадеа заб, а ми требаше некој да ме држи за рака, онака цврсто машки, не беше ни да ме одведеш на риболов, на викенд, не беше ни...

Сега се прашувам колкав грев направив кон тебе. Зар сите тие други ти значеа или ти значат многу повеќе отколку јас. Се прашувам дали и јас ќе бидам таков, зар и јас ќе ги отфрлам оние што се моја крв, мојот лик, мое презиме. **Ќе се борам да бидам поинаков, нема да дозволам некој поради мене да биде повреден.** Кога ги гледаш другите, кои трчаат околу тебе, разговараш со нив, се смееш со нив, се прашуваш ли каде се оние што ги заборави и дали со нив би било поубаво, поинтересно, понормално?!

Што е за тебе животот, среќата, успехот, задоволството, тоа што за овие 15 години не сум рекол 15 пати ТАТО, јас не знам како звучи тој збор, а ти не се потруди ни да го научам, ни да го изговорам, ЗОШТО?

Извини, но морав ова да ти го напишам, ми беше некаде во градите, во срцето, во душата. Знам дека не сум единствено дете, кое расте без татко, но ми е криво ЗОШТО БАШ ЈАС!?

**Поздрав,**
**Гоце**



# ДО КОГА ЌЕ СЕ ОДНЕСУВАМЕ КАКО ДИВО ПЛЕМЕ?

**Почитувани,**
Се прашувам до кога ќе се однесуваме како диво племе. На секој чекор има поставено канти за отпадоци и контејнери, парковите и зеленилото се рај за децата, но и за нас возрасните. Секако, ако знаеме сето тоа да го сочуваме и одржуваме. За жал некултурата на некои граѓани и малограѓанштината ја уништуваат таа убавина. Аман луѓе сè уште ли ќе се учиме каде се фрла отпадот!? Како правичиња, кои постојано го повторуваат прво одделение и никако да разберат дека сè што ќе направиме лошо и надвор од домот е за нас, а не за некој таму надвор некаде. Престанете со простотилакот! Научете веќе еднаш, а вие драга Општино Ве молам повеќе казнувајте и објавувајте за да се стави крај на ваквото гасење.

**Поздрав,**
**Б.Г.**



# СЕРВИСНИ ТЕЛЕФОНИ

| | |
|---|---|
| Итна медицинска помош | 194 |
| Пожар и елементарни непогоди | 193 |
| Центар за известување и тревожење | 195 |

## Градинки

| | |
|---|---|
| Срничка | 2455 512 |
| Буба Мара | 2434 530 |

## Основни училишта

| | |
|---|---|
| Блаже Конески | 2469 746 |
| Браќа Миладиновци | 2460 479 |
| Ѓорѓија Пулевски | 2455 510 |
| Љубен Лапе | 2450 220 |
| Лазо Ангеловски | 2430 324 |
| Димитар Македонски | 2440 011 |
| Гоце Делчев | 2438 288 |
| Александар Македонски | 6152 513 |

## Средни училишта

| | |
|---|---|
| Владо Тасевски | 2464 123 |
| Димитар Влахов | 2464 590 |
| Марија Кири Склодовски | 2452 189 |

## Библиотеки

| | |
|---|---|
| Јане Сандански | 2466 474 |
| Кирил Пејчиновиќ | 2450 449 |
| Рајко Жинзифов | 2443 450 |

## Цркви

| | |
|---|---|
| Света Тројца | 2763 337 |
| Свети Петар и Павле | 2439 722 |
| Свети Пророк Илија | 2460 825 |

## Полиција 192

| | |
|---|---|
| ПС Аеродром | 2432 362, 3142 408 |
| ПС Драчево | 2763 330, 2794 111 |
| ПС Кисела Вода | 3223 410, 3142 403 |

## Амбуланти

| | |
|---|---|
| Јане Сандански | 2463 277 |
| Лисиче | 2440 810 |
| Пелагонија | 2460 478 |

**ПРИЈАВА НА КОРУПЦИЈА:**
**080052222**

## ОПШТИНА АЕРОДРОМ

| | |
|---|---|
| Централа | 2400 970 |
| Пријавница | 2401 511 |
| Контакт со граѓани | 2401 555 |
| Локален економски развој | 2401 542 |
| Правна служба | 2401 556 |
| Човечки ресурси | 2401 538 |
| Урбанистички планови | 2401 529 |
| Осветлување | 2401 533 |
| Комунална инспекција | 2401 521 |
| Градежна инспекција | 2401 521 |
| Инспекција за домување | 2401 521 |
| Инспекција за животна средина | 2401 521 |
| Финансии | 2401 513 |
| Буџет | 2401 536 |
| Сметководство | 2401 535 |
| Даноци, такси и други приходи | 2401 537 |
| Данок на имот | 2401 553 |
| Јавни набавки | 2401 548 |
| Образование и култура | 2401 517 |
| ИТ | 2401 530 |
| Социјална заштита | 2401 518 |
| Архива урбанизам | 2401 525 |
| Совет на Општина Аеродром | 2401 512 |
| Инспекција | 2401 522 |
| Животна средина | 2401 552 |
| Урбанизам | 2401 528 |
| | 2401 529 |
| | 2401 545 |
| Комунално одделение | 2401 532 |
| | 2401 534 |
| | 2401 540 |

## Јавно осветлување

| | |
|---|---|
| ЕВН | 3205 000 |
| „КОД“ | 2672-196 |

## Јавни претпријатија

| | |
|---|---|
| ЈП „Водовод и канализација“ | 3073 010 |
| ЈП „Паркови и зеленило“ | 2464 272 |
| ЈП „Комунална хигиена“ | 3216 644 |
| | 075/506 090 |
| Оџачарски услуги | 2440 293 |
| Кабаст отпад | 0800 222 33 |


Го ♥ Аеродром!